Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1202-69/8 од 18.9.2026 година донесена на 284. седница на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет, одржана на 17.9.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања за научната област меѓународна економија (5.02.00.02) на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниот состав:

– **д-р Весна Георгиева-Свртинов**, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област меѓународна економија - претседател;

– **д-р Емилија Митева-Кацарски**, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област меѓународна економија - член;

– **д-р Круме Николоски**, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област историја на економската мисла – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Слободен печат” и „Коха” на 15.8.2026 година, при што во предвидениот рок се пријави само кандидатот вонреден проф. д-р Влатко Пачешкоски, вработен на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Пријавата ја разгледавме внимателно и утврдивме дека кандидатот проф. д-р Влатко Пачешкоски, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во целост ги има доставено следниве документи: Пријава; Диплома за завршено соодветно образование – за одбранет докторски труд и стекната квалификација на доктор на економски науки од областа на меѓународна економија; Диплома за завршени магистерски студии (втор циклус) од област меѓународна економија; Диплома за завршени додипломски студии (прв циклус) од област меѓународна економија; Уверение за положени испити и стекната високообразовна квалификација – магистер на економски науки од областа на меѓународна економија, со просечен успех 9,78; Уверение за положени испити и стекната високообразовна квалификација – дипломиран економист на насока Меѓународна економија, со просечен успех 9,16; Кратка биографија; список на објавени рецензирани научни и стручни трудови, т.е. референтни научни публикации според ЗВО во последните 5 години пред објавување на огласот за избор; по еден примерок од објавените трудови (рецензирани трудови во референтни научни публикации согласно со ЗВО, достапни и на е-репозиториум на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип); потврди/сертификати дека се служи со еден странски јазик и тоа диплома за познавање на странски (англиски) јазик; Уверение за државјанство; докторски труд (1 примерок во печатена форма); универзитетски учебници, практикум, монографија и скрипта (1 примерок во печатена форма, достапни и на е-библиотека при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип); Одлука за претходен избор во звање вонреден професор во област меѓународна економија; Одлука

за раководител на Катедра за економија; Одлука за член на Сенат; одлуки за ментор и член на комисии на дипломски и магистерски трудови и ментор на трет циклус студии.

Врз основа на прегледот на приложената документација од кандидатот проф. д-р Влатко Пачешкоски, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, има чест да го поднесе следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

Д-р Влатко Пачешкоски е роден на 1.3.1980 година во Прилеп, со постојано место на живеење на Булевар „Трета македонска бригада" бр.37, Скопје. Основното и средното образование го завршил со континуиран одличен успех. Своето образование го продолжил на Економски факултет во Прилеп при Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола, каде што дипломирал на насоката Меѓународна економија, со просечен успех од 9.16 во 2002 година, вбројувајќи се како еден од најдобрите студенти во неговата генерација. По завршувањето на студиите се запишал на постдипломските студии на Економски факултет - Прилеп при Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола, на насоката Меѓународна економија и бизнис, коишто ги завршува со просечен успех од 9.78 и со одбраната на магистерскиот труд на тема „Положбата и перспективите на земјите во развој во светската економија" се стекнува со научниот степен магистер на економски науки**,** област меѓународна економија. Д-р Влатко Пачешкоски го продолжува високото образование со упис докторски студии на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во научната област меѓународна економија. Докторира на 7.8.2016 година со одбрана на докторскиот труд „Перспективи за подобрување на положбата на земјите во развој во светската економија".

Веднаш по дипломирањето (од септември 2003 до 2008 година), кандидатот е ангажиран како демонстратор на Економскиот факултет - Прилеп при Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, каде што покрива предмети од областа меѓународна економија.

Од септември 2009 година работи како асистент на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, каде што покрива предмети од областа на меѓународна економија.

Во 2017 година е избран во звање доцент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, во научната област меѓународна економија. Во рамките на додипломските студии ги предава и покрива предметите: Глобална економија, Меѓународен развој, Меѓународни финансии, Индустриска економија. На постдипломските студии ги предава и покрива предметите: Глобална економија и Меѓународни финансии, а на трет циклус Меѓународни финансии.

Во 2022 година е избран во звање вонреден професор на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, во научната област меѓународна економија (Одлука бр.1202-38/5 од 17.2.2022 година). Во ова звање продолжува со наставно-образовната дејност на додипломските, постдипломските и трет циклус студии, преку реализација на предметите:

Глобална економија, Меѓународен развој и Индустриска економија на додипломски студии, Меѓународни финансии и Глобална економија на последипломски студии и Меѓународни финансии на трет циклус.

Во својата академска и научноистражувачка дејност учествувал во повеќе научноистражувачки и стручни проекти.

Вонр. проф. Влатко Пачешкоски е автор/коавтор на бројни трудови објавени во референти публикации. Во својата научноистражувачка и наставно-образовна дејност има објавено над 70 научни и стручни трудов. Коавтор е на два учебници, а автор на две скрипти, два практикуми и една монографија. Публикациите се достапни на институционалниот репозиториум на Универзитетот „Гоце Делчев" -Штип и на Google Scholar и ORCID профилите на следниве линкови:

https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Paceskoski=3AVlatko=3A=3A.html

https://scholar.google.com/citations?user=VL_oDPoAAAAJ&hl=en

https://orcid.org/0009-0006-4352-798X

Учествува во многубројни меѓународно-научни и стручни конференции од областа. Бил рецензент на многу трудови објавени во респектабилни публикации и зборници од меѓународни научни конференции и на годишната меѓународна конференција за млади истражувачи. Вонр. проф. Влатко Пачешкоски е член на Програмскиот одбор на повеќе меѓународни научни конференции во земјава и во странство, бил член на Организацискиот одбор на годишните факултетски меѓународни научни конференции.

Во изборниот период бил ментор и член на комисија за одбрана на повеќе од 20 дипломски работи, 8 магистерски трудови, ментор на трет циклус студии (Одлука бр.1208-64/1; Одлука бр.1203- 59/1; Одлука бр. 1203- 97/1; Одлука бр. 1203- 83/1; Одлука бр. 1203- 64/1; Одлука бр. 1203-96 /1; Одлука бр. 1203-98 /1; Одлука бр. 1203-68 /1; Одлука бр. 1202-57/5; Одлука бр. 0206-728/9 и останати).

Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставностручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип

1. *Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус, за секој циклус посебно.*

Кандидатот на прв циклус студии, како дипломиран економист, има остварен просечен успех од 9,16 (на насока Меѓународна економија), додека на втор циклус студии, како магистер на економски науки (област меѓународна економија) има остварен просечен успех од 9,78.

2. *Научен степен доктор на науки од научната област за која се избира.*

Кандидатот магистрирал на насоката Меѓународна економија и бизнис на Економски факултет во Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола на тема „Положбата и перспективите на земјите во развој во светската економија" и се стекнал со академски степен магистер на економски науки од областа на меѓународна економија. Ја одбранил својата докторска дисертација

под наслов „Перспективи за подобрување на положбата на земјите во развој во светската економија“ на Економскиот институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје, со што се стекнал со научен степен доктор на економски науки во област меѓународна економија.

3. *Избор во вонреден професор од научната област во која се избира.*

Со Одлука 1202-38/5 од 17.2.2022 година година е избран во наставно-научно звање вонреден професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во област меѓународна економија.

4. *Објавени најмалку шест научноистражувачки трудови во референтна научна публикација во последните пет години пред објавување на огласот за избор.*

Кандидатот има објавено 12 труда од соодветната областа во референти меѓународни научни публикации и меѓународни научни списанија за изборниот период, и тоа:

Ред. бр.	Автор/и	Наслов	Списание / публикација	Година на објавување
1.	Filip Taskovski & **Vlatko Paceskoski**	MONETARY POLICY EFFECTIVENESS IN THE CONTEXT OF GLOBAL INFLATION GROWTH: EVIDENCE FROM NORTH MACEDONIA	Vol. 2 No. 1 (2025): International Scientific Conference on Economics, Management and Information Technologies – ICEMIT 2025	2025
2.	**Paceskoski, Vlatko** & Taskovski, Filip	THE ROLE OF MONETARY POLICY DURING THE GLOBAL FINANCIAL CRISIS - THE CASE OF NORTH MACEDONIA	(ICBEF): RECENT GLOBAL TRENDS AND ECONOMIC SITUATIONS	2025
3.	**Paceskoski, Vlatko** & Taskovski, Filip	TRANSMISSION OF MONETARY POLICY IN DEVELOPING COUNTRIES IN CONDITIONS OF GLOBAL INFLATION GROWTH - THE CASE OF NORTH MACEDONIA AND SERBIA	EMIDWORLD 2nd International Congress on Economics Public Finance Business & Social Science	2024
4.	Taskovski, Filip & **Paceskoski, Vlatko**	DETERMINANTS OF INFLATION IN CONDITIONS OF GLOBAL CHANGES AND CONFLICTS - THE CASE OF NORTH MACEDONIA	2nd International Congress on Economics Public Finance Business & Social Science	2024
5.	Taskovski, Filip; Gogova Samonikov, Marija & **Paceskoski, Vlatko**	ISLAMIC BANKING-A CHALLENGE FOR THE TURKISH FINANCIAL SYSTEM	Journal of Economics 9(2)	2024

6.	**Paceskoski, Vlatko** & Taskovski, Filip	THE ROLE OF THE MONETARY POLICY IN STABILIZING INFLATION IN THE EUROPEAN MONETARY UNION DURING THE ENERGY CRISIS	Novi Ekonomist 18(35)	2024
7.	Taskovski, Filip & **Paceskoski, Vlatko**	THE INFLUENCE OF THE RUSSIAN-UKRAINIAN CONFLICT ON THE EURO	KNOWLEDGE International Journal 61(1)	2023
8.	**Paceskoski, Vlatko** & Georgieva Svrtinov, Vesna	Economic implications from the globalization process to less developed countries	International Journal Scientific Papers45 (1). pp. 211-220.ISSN 2545-4439	2021

5. Објавен рецензиран универзитетски учебник или монографија или практикум или збирка задачи од научната област за која се избира.

Вонр. проф. Влатко Пачешкоски има објавено два рецензирани универзитетски учебници како коавтор и тоа под наслов „Економика на претпријатија“ (http://e-lib.ugd.edu.mk/543) ISBN 978-608-244-322-8(2016), „Економската мисла на класичната и кејнзијанската школа“ (http://e-lib.ugd.edu.mk/538)ISBN 978-608-244-309(2016). Кандидатот е автор на практикум „Глобална економија“ (http://e-lib.ugd.edu.mk/1021), ISBN 978-608-244-846-6 (2021) и скрипта под наслов „Глобална економија“ (http://e-lib.ugd.edu.mk/1022) ISBN 978-608-244-847-3 (2021). Исто така, кандидатот е коавтор на монографијата под наслов “*Comparative Analysis of the Budget from Direct Taxes in North Macedonia and Serbia*” (2024) https://eprints.ugd.edu.mk/38803/.

6. *Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик.*

Кандидатот доставил диплома за познавање на англиски јазик.

7. Способност за изведување на високообразовна дејност.

Афинитет кон високото образование кандидатот покажува уште за време на студентските денови, кога се вклучува во наставата како демонстратор на Економски факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Прилеп. Понатаму продолжува како помлад асистент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип во 2009 год., каде што, до денес, ги поминува сите постапни избори во звања од помлад асистент (2009), до вонреден професор (2022– тековно). Во тие 23 години ангажман во високото образование, кандидатот ги остварува сите активности поврзани со процесот на високото образование – активна вклученост во изведување настава (предавања и вежби), учество на конференции, форуми, дебати, објавување на учебни помагала и учебници, објавување научни и стручни трудови во референтни списанија, изготвување анализи и експертизи, организација на работилници, учество на проекти, како и учество во организациските активности на Економски факултет и Универзитетот. Кандидатот бил ментор на повеќе дипломски трудови, член и претседател на бројни комисии на дипломски, магистерски и докторски трудови, а воедно е и акредитиран ментор на трет циклус студии.

Посебни услови за избор

Кандидатот д-р Влатко Пачешкоски ги исполнува посебните услови, и тоа:

1. *Под негово менторство се изработени дипломски, магистерски или докторски тези.*

За време на изборниот период, д-р Влатко Пачешкоски бил ментор на 12 дипломски работи и член на 22 комисии за одбрана на дипломски работи. Бил неколку пати член на комисија на магистерските одбрани и е ментор на докторска дисертација на Економскиот факултет – УГД.

2. *Да учествувал или раководел со научноистражувачки проекти.*

Кандидатот бил член и главен истражувач/експерт, организирал и изведувал активности во рамки на повеќе проекти (достапни на е-репозиториум), меѓу кои:

- Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Georgieva Svrtinov, Vesna and MitevaKacarski, Emilija and Paceskoski, Vlatko and Sofijanova, Elenica and Temjanovski, Riste and Dimitrova, Janka and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Davcev, Ljupco and Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan and Jovanov, Tamara and Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023) Business eco system as an integrated system-Be In, [Project]; https://eprints.ugd.edu.mk/33315/

- Истражувач во рамките на проектот Newawes-The NEWAVES project (Collaborative Alliance for Radio Recovery and Boost of Community News Media in Low-density Territories) is an international initiative involving the University "Goce Delčev" – Štip (UGD) to support and revitalize local and community radio stations (2023-2025).

3. *Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници.*

Кандидатот има значаен придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници, преку различни механизми и со многубројни академски иницијативи, предлози и активности. Од почетокот на академската кариера до денес соработува со демонстраторите, асистентите ангажирани на факултетот и ги поттикнува за активно учество на меѓународни конференции, семинари и летни школи. Како шеф на Катедрата по економија, иницирал барања за постапки за примање на нови членови на катедрата.

Бил рецензент на трудови од областа на меѓународна економија во меѓународно научно списание Journal of Economics на Економски факултет - УГД индексирано во EBSCO. Рецензент на трудови од областа меѓународна економија во зборниците на трудови од меѓународните научни конференции „ICBEF" во организација на Економски факултет на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

Кандидатот Пачешкоски го има остварено потребниот број на поени (минимум 100) кои се однесуваат на целокупната активa на лицето: (НО)=40; (НИ)=93; (САОР)=83 или вкупно 216 поени. (Детали подолу во табелата.)

Наставно-образовна и научноистражувачка дејност

Д-р Влатко Пачешкоски со наставно-образовна и научноистражувачка дејност започнува во 2003 година, вклучен во наставно-образовната и научноистражувачка дејност како демонстратор на Економски факултет – Прилеп при Универзитет „Св.Климент Охридски" - Битола, каде што бил ангажиран на следниве предмети: Меѓународни економски односи; Меѓународни финансии; Теорија и политика на економски развој; Глобализација; Развој на економската мисла. Во тој период д-р Влатко Пачешкоски одржувал вежби

по гореспоменатите предмети, подготвувал материјали за вежби и помагал во подготовка на материјалот за предавање на ресорните професори.

Врз основа на јавен конкурс, кандидатот д-р Влатко Пачешкоски во октомври 2009 година е избран во наставно-научно звање помлад асистент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, во областа меѓународна економија. Д-р Влатко Пачешкоски за време од три години како помлад асистент има одржувано вежби по следните предмети: Меѓународен монетарен и трговски систем, Меѓународни финансии, Меѓународен развој, Современи економски системи и глобализација, Монетарна економија, Одржлив развој, Меѓународни организации и интеграции, Економика на претпријатија, Економија на животна средина. Врз основа на јавен конкурс, кандидатот д-р Влатко Пачешкоски во октомври 2012 година е избран во наставно-научно звање асистент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, во областа меѓународна економија. Кандидатот како асистент има одржувано вежби по следните предмети: Меѓународен монетарен и трговски систем, Меѓународни финансии, Меѓународен развој, Современи економски системи и глобализација, Монетарна економија, Одржлив развој, Меѓународни организации и интеграции, Економика на претпријатија, Економија на животна средина. Основни активности во тој изборен период биле: одржување на вежби на студентите од прва до четврта студиска година, подготовка на материјали за вежби, дежурање на колоквиуми и испити, преглед на семинарски на студентите, подготовка на студиски програми и елаборати, организација на меѓународна конференција и др.

Како **вонреден професор** на Економскиот факултет (УГД) – Штип д-р Влатко Пачешкоски е избран со Одлука 1202-59/9 од 17.2.2022 година. [**1**] и ги предава предметите Глобална економија, Меѓународен развој, Индустриска економија, на додипломски студии, на постдипломски студии Глобална економија и Меѓународни финансии и трет циклус студии Меѓународни финансии.

Д-р Влатко Пачешкоски е коавтор на два учебници на неколку високошколски учебни помагала, односно рецензирани скрипти и практикуми за предавања и вежби од областа на меѓународна економија. Ментор е на 15 дипломски труда и претседател и член на повеќе комисии за одбрани на дипломски и магистерски трудови.

Во последните 5 години, кандидатот има објавено повеќе трудови во списанија со меѓународен одбор од кои дел во земјата дел во странство. Кандидатот со Одлука бр. 1202-59/9 од 14.3.2019 година до март 2022 година е член на Сенат при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Вонреден професор Влатко Пачешкоски со Одлука бр. 1202-104/9 од 21.11.2025 година до денес е шеф на Катедра за економија на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Кратка евалуација на еден дел од трудовите, а другите се достапни на е-репозиториумот на веб-страницата на Универзитет „Гоце Делчев” - Штип: https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Paceskoski=3AVlatko=3A=3A.html

Filip Taskovski & **Vlatko Paceskoski** (2025) MONETARY POLICY EFFECTIVENESS IN THE CONTEXT OF GLOBAL INFLATION GROWTH:

EVIDENCE FROM NORTH MACEDONIA. Vol. 2 No. 1 (2025): International Scientific Conference on Economics, Management and Information Technologies – ICEMIT 2025 [2]

Трудот ја анализира улогата на монетарната политика во одржувањето на макроекономската стабилност во услови на засилени глобални инфлаторни притисоци, со посебен осврт на економијата на Северна Македонија. Наодите покажуваат дека глобалните нарушувања во синџирите на снабдување и енергетската криза имале силно влијание врз домашната инфлација поради високата увозна зависност на земјата. Резултатите покажуваат дека, иако инфлацијата била претежно увезена, мерките на монетарната политика придонеле за ублажување на негативните ефекти, зачувување на ценовната стабилност и одржување на макроекономската рамнотежа.

Paceskoski, Vlatko & Taskovski, Filip (2025) THE ROLE OF MONETARY POLICY DURING THE GLOBAL FINANCIAL CRISIS - THE CASE OF NORTH MACEDONIA. Fourth International Conference on Business, Economy and Finance (ICBEF): RECENT GLOBAL TRENDS AND ECONOMIC SITUATIONS. Journal of Economics 10(2) https://js.ugd.edu.mk/index.php/JE/article/view/7833 [3]

Во овој труд акцентот е ставен на монетарната политика и мерките на централната банка во справувањето со последиците од глобалната финансиска криза, предизвикана од колапсот на пазарот на недвижности во САД и банкротот на Lehman Brothers. Во истражувањето се истакнува значењето на монетарните инструменти за зголемување на ликвидноста на финансискиот сектор и за стабилизирање на макроекономските текови во Северна Македонија, при што се применуваат дескриптивна статистика, корелациска, тренд и регресиона анализа. Резултатите покажуваат дека македонската економија, како мала и отворена економија чувствителна на меѓународните економски движења, била под влијание на кризата, но мерките на централната банка придонеле кон ублажување на негативните ефекти и зачувување на финансиската стабилност.

Paceskoski, Vlatko & Taskovski, Filip (2024) TRANSMISSION OF MONETARY POLICY IN DEVELOPING COUNTRIES IN CONDITIONS OF GLOBAL INFLATION GROWTH - THE CASE OF NORTH MACEDONIA AND SERBIA. EMIDWORLD 2nd International Congress on Economics Public Finance Business & Social Science https://emidworld.com/userfiles/files/proceedingbook(3).pdf [4]

Трудот ја анализира улогата на монетарната политика, координирана со фискалната политика, во одржувањето на макроекономската стабилност во услови на глобални инфлаторни и економски шокови. Во истражувањето се испитува ефективноста на монетарните мерки во стабилизирањето на инфлацијата во Северна Македонија и Србија, преку примена на SVAR модел и анализа на трансмисионите канали на монетарната политика. Резултатите покажуваат дека инфлациските движења во двете земји биле претежно условени од глобални фактори, додека монетарната политика имала значајна улога во ублажувањето на инфлаторните притисоци и стабилизирањето на вкупните макроекономски текови.

Taskovski, Filip & **Paceskoski, Vlatko** (2024) DETERMINANTS OF INFLATION IN CONDITIONS OF GLOBAL CHANGES AND CONFLICTS - THE CASE OF NORTH MACEDONIA. EMIDWORLD 2nd International Congress

on Economics Public Finance Business & Social Science https://emidworld.com/userfiles/files/proceedingbook(3).pdf [5]

Трудот го анализира влијанието на геополитичките конфликти и нарушувањата во глобалните синџири на снабдување врз порастот на инфлацијата, со посебен осврт на економските движења во Северна Македонија. Во истражувањето се нагласува дека порастот на цените на енергенсите и дестабилизацијата на финансиските пазари, предизвикани од конфликтот во Украина, имале значително влијание врз инфлаторните движења, особено кај увозно зависните економии во развој. Резултатите од регресионата анализа укажуваат дека најголемиот дел од инфлацискиот раст е условен од глобалниот раст на цените на енергијата и зголемената нестабилност на меѓународните финансиски пазари.

Taskovski, Filip; Gogova Samonikov, Marija & **Paceskoski, Vlatko** (2024) ISLAMIC BANKING-A CHALLENGE FOR THE TURKISH FINANCIAL SYSTEM. Journal of Economics 9(2) https://js.ugd.edu.mk/index.php/JE/article/view/7005 [6]

Трудот ја анализира примената на исламскиот банкарски модел како алтернативен финансиски пристап заснован на принципите на распределба на добивка и загуба и ниски или нулти каматни стапки, како предизвик за традиционалните економски системи. Во истражувањето посебен фокус е ставен на искуството на Турција, каде што промените во монетарната политика и намалувањето на референтните каматни стапки се поврзуваат со зголемена инфлација, депрецијација на турската лира и значајни осцилации на BIST 100. Резултатите од истражувањето укажуваат дека имплементацијата на овој модел довела до зголемена нестабилност на финансискиот систем, при што инфлациските движења и пазарните очекувања значајно влијаеле врз динамиката на берзанските индекси и финансиските текови.

Paceskoski, Vlatko & Taskovski, Filip (2024) THE ROLE OF THE MONETARY POLICY IN STABILIZING INFLATION IN THE EUROPEAN MONETARY UNION DURING THE ENERGY CRISIS. Novi Ekonomist 18(35) https://noviekonomist.ues.rs.ba/article/117 [7]

Трудот ја анализира улогата на монетарната и фискалната политика во стабилизирањето на економиите од различни шокови на понудата и побарувачката, со посебен осврт на инфлаторните движења во Еврозоната. Во истражувањето се разгледуваат последиците од пандемијата на КОВИД-19, како и енергетската криза предизвикана од конфликтот помеѓу Русија и Украина, кои доведоа до нарушување на синџирите на снабдување и зголемување на инфлацијата. Резултатите укажуваат дека монетарната политика на Европската централна банка, преку своите инструменти и трансмисиони канали, има значајна улога во стабилизирањето на ценовното ниво и намалувањето на инфлаторните притисоци во услови на висока инфлација.

Taskovski, Filip & **Paceskoski, Vlatko** (2023) THE INFLUENCE OF THE RUSSIAN-UKRAINIAN CONFLICT ON THE EURO. KNOWLEDGEInternational Journal 61(1) https://ojs.ikm.mk/index.php/kij/article/view/6532 [8]

Трудот ја анализира економската и финансиската димензија на конфликтот меѓу Русија и Украина, со посебен акцент на ефектите од меѓународните санкции врз глобалните трговски, монетарни и финансиски текови. Во истражувањето се разгледуваат очекувањата дека санкциите ќе

предизвикаат главно негативни ефекти врз руската економија, без значајна дестабилизација на европските економии, но се укажува дека тие довеле до спротивни пазарни движења, особено преку раст на цените на енергенсите и основните земјоделски производи. Резултатите упатуваат на заклучок дека геополитичките шокови и санкциите значајно ја зголемиле волатилноста на глобалните пазари и влијаеле врз инфлаторните и ценовните движења на меѓународно ниво.

Paceskoski, Vlatko and Georgieva Svrtinov, Vesna and Miteva-Kacarski, Emilija (2021) Transformation of the world economic order-through reform of the International Monetary Fund. Knowledge International Journal, 46 (5). pp. 749-758, https://eprints.ugd.edu.mk/28885/[9]

Во трудот се изнесени основните состојби во светската економија, изразени преку учеството во меѓународниот финансиски систем на помалку развиените земји. Всушност, оттука во голема мерка зависи развојот и надминувањето на круцијалните проблеми со коишто се соочуваат овие земји. Во трудот е имплементирана анализа на улогата и значењето на меѓународниот финансиски систем за помалку развиените земји. Во таа насока презентирани се и методите, начините и препораките за потреба од реформа на постојниот светски финансиски поредок. Со посебен осврт на потребните реформи во меѓународниот монетарен фонд. Тука е истакната улогата и значењето на потребната реформа во начинот на управување, распределбата на ресурси, технологијата на гласање и набљудувачката улога што ја има меѓународниот монетарен фонд во светската економија. Во трудот се констатира дека повеќе од неопходна е трансформација на меѓународниот монетарен систем во насока за што порамноправно учество на сите субјекти до финансиски средства пред се на помалку развиените земји, со што би се овозможиле поголеми стапки на економски раст и развој во светската економија.

Paceskoski, Vlatko and Georgieva Svrtinov, Vesna (2021*)* Economic implications from the globalization process to less developed countries. Knowledge International Journal, 45 (1). pp. 211-220. https://eprints.ugd.edu.mk/28887/1/trud%203.pdf [10]

Во овој труд на експлицитен и симплифициран начин се презентирани комплексните противречности од процесот на глобализација во светскатата економија. Всушност, консеквенциите од процесот на глобализација се рефлектираат претежно врз помалку развиените земји, додека пак предностите (бенефитите) од овој процес ги апсоробираа една мала група на земји т.е високо развиените земји. Имајќи го предвид претходното, факт е дека глобализацијата е во тек и дека, барем во сегашната фаза, се одвива асиметрично. Различното ниво на економска развиеност на поодделните земји е веројатно основната причина што голем дел од нив не може да се интегрира во светските економски текови, т.е. не може да ги апсорбира позитивните страни на процесот на глобализацијата или ако евентуално ги апсорбира во помала мера. Друг дел на земји се наоѓа надвор од процесот на глобализацијата или е апсолутно „изгубен" во него. Во трудот се констатира дека апострофираната маргинализација во сегашната етапа на глобализацијата е неизбежен факт, бидејќи во основата на глобализацијата вграден е моделот на „пазарниот фундаментализам" кој per definition делува според принципот центар - периферија id est продуцира регионални диспаритети фаворизираќи ги развиените земји, а дестимулирајќи ги помалку развиените земји.

Paceskoski, Vlatko and Georgieva Svrtinov, Vesna (2021) Capital and population as factors for economic development in less developed countries. Knowledge International Journal, 45 (1). pp. 227-238. https://eprints.ugd.edu.mk/28886/1/trud%202.pdf [11]

Arsova, Monika and Davcev, Ljupco and **Paceskoski, Vlatko** (2025) Strategic Event Management and Promotion Enhancing Audience Engagement for Radio Stations. Journal of Economics, 10 (1): 6. pp. 72-80. https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Paceskoski=3AVlatko=3A=3A.html [12]

Учество во научен проект:

- Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Georgieva Svrtinov, Vesna and MitevaKacarski, Emilija and **Paceskoski, Vlatko** and Sofijanova, Elenica and Temjanovski, Riste and Dimitrova, Janka and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Davcev, Ljupco and Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan and Jovanov, Tamara and Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023) Business eco system as an integrated system-Be In, [Project]; https://eprints.ugd.edu.mk/33315/ [13]
- Истражувач во рамките на проектот Newawes-The NEWAVES project (Collaborative Alliance for Radio Recovery and Boost of Community News Media in Low-density Territories) is an international initiative involving the University "Goce Delčev" – Štip (UGD) to support and revitalize local and community radio stations (2023-2025). [14]

Учебник, скрипта и практикум:

Скрипта:

Paceskoski, Vlatko (2021) Глобална економија (скрипта). ISBN 978-608-244-847-3,. URL: http://e-lib.ugd.edu.mk/1022 [15]

Скриптата „Глобална економија" претставува корисен и актуелен наставно-научен материјал наменет првенствено за студентите при совладување на содржините од областа на меѓународната економија, но и за научните и стручните работници при продлабочено изучување на одделни прашања од оваа област. Во скриптата се обработуваат значајни тематски подрачја поврзани со генезата и поимното определување на глобализацијата, теоретските пристапи, нејзините димензии и фактори, економските аспекти преку меѓународната трговија и финансии, противречностите и современите тенденции на глобализацијата. Актуелноста на обработената проблематика произлегува од сè поголемата меѓузависност на националните економии и влијанието на глобалните економски процеси врз поединците, стопанските субјекти, националните економии и светското стопанство. Врз основа на наведеното, може да се оцени дека скриптата „Глобална економија" е релевантен, корисен и соодветен материјал за наставно-образовниот процес и за понатамошно изучување на современите меѓународни економски односи.

Практикум:

Paceskoski,Vlatko (2021) наслов „Глобална економија"(URLhttp://elib.ugd.edu.mk/1021), ISBN 978-608-244-846-6 . [16]

Практикумот „Глобална економија" од кандидатот Пачешкоски има за цел да им помогне на студентите во совладувањето на содржините од областа

на меѓународната економија, а истовремено претставува корисен материјал и за научните работници при продлабочено изучување и истражување на одделни сегменти од оваа област. Во практикумот се обработуваат значајни тематски подрачја, меѓу кои: процесите на глобализација и регионализација во светската економија; теоретските концепции, инструментите, мерките и регулативата на меѓународната трговија; регионалните интеграции; меѓународното движење на капиталот; меѓународните трговски и финансиски институции; девизниот пазар и девизните курсеви; меѓународниот пазар на капитал и билансот на плаќања. Обработената проблематика е актуелна и релевантна за разбирањето на современите меѓународни економски односи и процеси. Врз основа на наведеното, може да се оцени дека практикумот претставува корисен и соодветен наставно-научен материјал за студентите и за понатамошно изучување на глобалната и меѓународната економија.

Комисијата, со сериозност цени дека д-р Влатко Пачешкоски при неговата научноистражувачка работа, значително придонесува за осознавање и истражување на движењата на современите општествено-економски процеси. Кандидатот ги анализира истите и ги следи актуелните трендови во соодветните области, користејќи ја научната методологија и потоа ги трансферира овие знаења во неговата наставно-образовна дејност.

Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност

Покрај научно истражувачката работа кандидатот пројавува и особен интерес и активности во стручно-апликативната дејност во насока на примена на научните сознанија во наставата и практиката и понатамошно продлабочување на стручните и научни сознанија кои воедно имаат и повратен ефект на нивна примена во наставниот процес. Воедно учествува и во факултетски тела и комисии. Имено, д-р Влатко Пачешкоски извршувал и други функции на Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип и тоа: член на Сенат (Одлука 1202-59/9 од 14.3.2019 г. до март 2022 година претставник на Економскиот факултет; [17];раководител на Катедра за економија (Одлука 1202-104/9 од 21.11.2025 година [18]; член на ННС на трет циклус студии [19].

Стручна монографија:

1. Paceskoski, Vlatko & **Taskovski, Filip** (2024) COMPARATIVE ANALYSIS OF THE BUDGET REVENUES FROM DIRECT TAXES IN NORTH MACEDONIA AND SERBIA. The International Conference on Business and Technology (ICBTOxford'2024) https://link.springer.com/chapter/10.1007/978-3-031-85398-2_84 [20]

Стручната монографија ја разгледува улогата на директните даноци како значаен извор на јавни приходи и инструмент за финансирање на јавната потрошувачка во современите економии. Во истражувањето се врши компаративна анализа на приходите од директни даноци во Северна Македонија и Србија, при што се анализира и нивната поврзаност со клучните макроекономски показатели на двете држави. Резултатите укажуваат дека приходите од директни даноци бележат континуиран раст и сè поголемо учество во вкупните даночни приходи, што претставува показател за постепен развој и модернизација на даночните системи.

Стручно апликативни проекти:

Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Georgieva Svrtinov, Vesna and MitevaKacarski, Emilija and **Paceskoski, Vlatko** and Sofijanova, Elenica and Temjanovski, Riste and Dimitrova, Janka and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Davcev, Ljupco and Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan and Jovanov, Tamara and Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023) Business eco system as an integrated system-Be In, [Project]; https://eprints.ugd.edu.mk/33315/[21]

Истражувач во рамките на проектот Newawes-The NEWAVES project (Collaborative Alliance for Radio Recovery and Boost of Community News Media in Low-density Territories) is an international initiative involving the University "Goce Delčev" – Štip (UGD) to support and revitalize local and community radio stations (2023-2025). [22]

Кандидатот д-р Влатко Пачешкоски има исклучително богата активност во повеќе сфери на наставно-научната дејност, научноистражувачката и апликативно-раководната активност. Земајќи го предвид широкиот дијапазон на неговиот интерес и неговата активност како професор, научник и истражувач, неоспорен е впечатокот за исклучителноста на неговиот интелектуален капацитет.

Во овие рамки од особено значење е развојната дејност на кандидатот која има третман на посебен системски сегмент, кој се усогласува со генералните барања и стандарди врзани и условени со професионалниот развој и негово напредување.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставностручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, како и по деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот вонр. проф. д-р Влатко Пачешкоски ги исполнува сите услови за избор во наставно-научното звање редовен професор.

Комисијата цени дека кандидатот Влатко Пачешкоски, д-р по економски науки од областа меѓународна економија, покажува перманентен интерес и желба за научно напредување. Кандидатот се истакнува со обемна педагошка активност и висок корпус на знаење и експертиза, почнувајќи од звањето помлад асистент, подоцна и во звањата асистент, доцент и вонреден професор, на повеќе предмети од областа меѓународна економија што ги изведува на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Научноистражувачката работа на кандидатот е континуирана и ја потврдува неговата стручност и ориентација кон системски пристап во наставно-научната област меѓународна економија за којашто кандидатот конкурира. Ова се потврдува со многуте објавени научни трудови, универзитетски учебници, монографија, практикум, учество на научни конференции, форуми, учество во меѓународни уредувачки одбори на научни списанија, учество во проекти и сл. Стручно-апликативната и организациско-развојната дејност, исто така, се истакнат дел од биографијата на кандидатот, утврдено преку презентации на стручни собири, учеството во проекти, елаборати и експертизи од областа, членување во факултетски и универзитетски тела и комисии и др.

Врз основа на наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната, организациско-развојната и севкупната активност во периодот од избор во вонреден професор до денес, Комисијата го верификува научниот и стручен развој на кандидатот вонреден проф. д-р Влатко Пачешкоски преку остварени вкупно 216 поени (НО 40+НИ 93+САОР 83). Според изнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, вонреден проф. д-р Влатко Пачешкоски да биде избран во звањето редовен професор во научната област меѓународна економија и Предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за кандидатот да биде избран во наставно-научното звање редовен професор за претходно назначената област на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Весна Георгиева-Свртинов, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Емилија Митева Кацарски, редовен професор, член, с.р.
Д-р Круме Николоски, редовен професор, член, с.р.

ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

Р. бр.	**Наставно-образовна дејност**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
1.	Избор во звање вонреден [1]	1	40			40
	ВКУПНО					**40**
Р. бр.	**Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
1.	Монографија или научна книга [20]			1	15	15
4.	Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор [3,4,7,9,10,11], втор автор [2,5,8], останати автори [6,12]	4 2 1	9 6 3	2 1 1	9 6 3	54 18 6
	ВКУПНО					**93**
Р. бр.	**Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
1.	Книга/учебник (скрипта практикум) [15,16]	2	10			20
13.	Учесник во научен проект [21,22]	2	5			10
26.	Раководител на катедра/оддел/центар[18]	1	3			3
27.	Член на универитетски или владини тела [17,19]	2	5			10
28.	Член на факултетски орган, комисија Член на ННС, Член во комисија за одбрана на дипломски, магистерски трудови	18	2			36
30.	Класен раководител, согласно со Кредит трансфер системот – ЕКТС (за четири години)	1	4			4
	ВКУПНО					**83**
	ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ					**216**